# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Скопје, 16.11.2004 година

**ЗАКЛУЧОЦИ**
од првата седница на
Националниот Совет за платни системи на Република Македонија

На првата седница која се одржа на 09.11.2004 година со почеток во 10 часот во просториите на Народна Банка на Република Македонија, Националниот Совет за Платни Системи на Република Македонија (во продолжение НСП) по точките од дневниот ред ги донесе следните заклучоци:

**Точка 1. Донесување на Деловник за работа на Националниот Совет за платни системи на Република Македонија.**

НСП го разгледа и усвои Деловникот за работа на Националниот Совет за платни системи на Република Македонија.

**Точка 2. Разгледување на предлог Образец за решение за извршување.**

НСП го разгледа предлогот за донесување на Образец за Решение за Извршување. Сите членови на НСП го поддржаа донесувањето на стандардизиран образец за Решенија за извршување, со оглед дека носителите на платен промет секојдневно добиваат Решенија за извршување, кои се во најразлични форми поради што истите се судираат со разни проблеми. Како последица на ова, се ангажираат правни експерти за чисто техничка работа (пренос на средства) која веќе е одлучена од страна на надлежниот извршен судија и носителите се изложени на ризик од погрешно извршување. Исто така, со стандардизиран образец би се зголемила ефикасноста на работењето.

При тоа, имајќи ги во предвид информациите од претставникот на Министерството за правда за предлог новото законско решение за Законот за извршување и обезбедување, со кои се предвидува надминување на ваквите состојби се заклучи:

1. Предложениот Образец за решение за извршување да се однесува и на решенијата кои ги носи Царинската Управа на Република Македонија и Управата за Јавни Приходи, при што Управата за Јавни Приходи ќе достави дополнителна писмена согласност до крајот на неделата. Исто така, до крајот на неделата ќе бидат испратени евентуални предлози за подобрување на Образецот за решение за извршување до Дирекцијата за платни системи во Народна банка на Република Македонија. Конечниот предлог на типизираниот образец ќе биде доставен до Министерството за правда, кое во рамките на своите надлежности ќе ги запознае извршните судии за предложениот образец како можност во нивното практично работење и писмено да ја информира Народна банка на Република Македонија за времето на спроведување и резултатите од истото.

П.Ф. 401, 1000 Скопје, Република Македонија
Телефони: + 02 310-8108 (Централа); + 02 310-8282
Факс: + 02 310-8357 (Централа); + 02 312-2109
Телекс 51415 NARBAM MB

2. Министерството за правда во понатамошните фази на регулирање на работата на судските извршители во Законот за извршување и обезбедување да го вклучен НСП, со цел да се постигне сигурен и ефикасен начин на спроведување на извршните решенија.

**Точка 3. Разгледување на предлог платен инструмент за задолжување на сметка и извршувањето на гаранции од страна на носителите на платен промет.**

НСП го разгледа извршувањето на гаранциите од страна на носителите на платен промет, согласно со член 14, став 1 точка 2 од Законот за платен промет. Беше заклучено дека извршувањето на платни инструменти на товар на сметка, без експлицитна согласност од сопственикот на сметката предизвикува ризик за сопственикот на сметката, носителот на платен промет и платниот систем во целина. Истотака, беше укажано дека тоа не е во согласност со базичните принципи за системски важните платни системи.
Од тие причини произлегоа следните заклучоци:

1. Потребно е бришење на член 14, став 1 точка 2 од Законот за платен промет. Со тоа се согласија сите членови на НСП, освен Министерството за Финансии кое, по разгледувањето на светската практика, дополнително ќе се изјасни за својот став во рок од 14 денови со доставување на писмено известување до НСП. При тоа, треба да се земат во предвид препораките од ФСАП мисијата заради целосно усогласување со базичните принципи за системски важните платни системи.
2. Доколку Министерството за Финансии се изјасни против бришење на член 14, став 1 точка 2 од Законот за платен промет, тогаш сеопфатно да се разгледа предлогот за нов платен инструмент и да се допрецизира начинот на неговото користење, водејќи сметка за надминувањето на забелешките на ФСАП мисијата.

**Т4. Разно.**

Советот заклучи дека ќе одржува редовни седнци секој втор петок во месецот со кој започнува кварталот во календарската година.
Исто така, беше прифатена иницајативата на преставниците на Здружението за банкарството и осигурувањето која е во склад со Деловникот за работа на НСП за да набрзо се одржи седница за одредени прецизирања на член 16 и член 17 во Законот за платен промет, откако по писмен пат предлозите ќе бидат доставени до Народна Банка на Република Македонија.

Емилија Нацевска,
Вицегувернер